**ФОНДАЦИЈА ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ**
**„МОЈА КАРИЕРА“**

**ИМПЛЕНТАТОР НА**

**НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА И ВРАБОТУВАЊЕ**

**Основни назнаки**

Со цел да обезбеди одржливост на Националната програма за практикантска работа и вработување и истата да ја насочи кон унапредување на практикантството, развојот на работната сила, обезбедувањето поддршка на талентите и воспоставување поголема компатибилост меѓу образованието и потребите на деловната заедница, Проектот на УСАИД за конкурентност, пристапи кон формирање -Фондација за поддршка на кариерниот развој –МОЈА КАРИЕРА .

Цели на Фондацијата се:

- Да креира и поддржува активности насочени кон кариерниот развој на младите луѓе- средношколци, студенти и млади невработени лица.
- Да развива методологии и програми за поттикнување на практичната работа – обука и дообразување низ пракса, како начин за олеснување на процесот за вработување.
- Да развива методологии и програми за талент менаџмент - пронаоѓање на таленти, нивна дообука и професионално насочување преку стипендии за завршување на факулет, постдипломски и докторски студии и професионални специјализации или преку нивно директно вклучување во образование низ пракса во домашни или странски стопански субјекти, научно-образовни или други јавни институции.
- Да го поттикнува развојот на младите таленти, иноватори и идни креатори на стопанскиот и научниот развој што својата професионална кариера и иднина би ја остварувале во Република Макредонија со што би се влијаело кон

намалување на тендецијата на одлив на талентите и високостручниот кадар надвор од државата.

- Да биде активен чинител во системот на Доживотно образование
- Активно да соработува со носителите на образовните процеси во средното и високото образование во насока на креирање  образовни програми согласно потребите на пазарот на трудот
- Активно да соработува со деловната заедница во насока на  детектирање  и пополнување на нивните потреби за  стручна работна сила
- Активно да соработува со Локалната самоуправа и планско- развојните региони во Република Макеоднија во насока на креирање стратегии и методологии за создавање продуктивен човечки капитал
- Активно да соработува со Владините институции во моделирање на проактивни образовни програми за поддршка на образованието низ пракса и талент менаџмент како методи и мерки за намалување на невработеноста и спречувањето одлив на таленти
- Активно да соработува со меѓународната заеница, донаторските организации и наменските проекти со цел  кооптирање  во проекти и активности за обезбедување финансиски средства за остварување на целите и Годишната програма  на Фондацијата

Како права и клучна задача на Фондацијата е продолжување на успешните активности што во период 2009- 2010 ги оствари  Националната програма за практикантска работа и вработување- Моја Кариера:

- База од над 9.000.  активни студенти , средношколци, дипломци и невработени лица кои бараат  практична работа или вработување
- Обучени  над 4500  студенти и средношколци за техниките за пишување CV и мотивационо писмо
- 1500  поединечно резлиирани обуки за комуикациски вештини  со подготовка за водење интервју за вработување
- 250- обучени ментори за пракса од над 150 компании

- Остварени над 1000 пракси со регулирани договори на територијата на цела Република Македонија
- 160 реални вработувања
- Соработка со сите акредитирани Универзитети и голем број на средни-насочени училишта
- Активна соработка со над 10 општини

**Постапка за зачленување**

Компаниите и останатите правни субјекти кои сакаат да ги користат придобивките од услугите што ги нуди Фондацијата, односно Националната програма за практикантска работа и вработување – Моја Кариера траба да ги избират оние продукти или пакетти кои се најоптимални за нивните потреби, а со тоа и да ја прифатат обврската за исплаќање на наведените суми.

Доколку се изберат поединечни или пакет услуги, се заклучува посебен Договор со кој се регулираат взамените обврски. Договорот се испрака на верификација во рок од три дена од одлуката за избор на пединечните или пакет услуги, а средствата се уплќаат :

1. За поединечните продуки и за Основниот пакет, во рок од 3 дена од денот на потпишување на договорите, на сметка на сеуште актуелниот имплементатор на Програмата Агенцијата ИТЦ Кариера ( наведена во договорите за практикантска рработа)
2. За Сребрениот, Златниот и Платинестиот пакет, на три еднакви рати – во максимален период од 90 денови- почнувајки од 30 септември на сметка на Фондацијата

До денот на регистрација на Фондацијата, во името на Имплементатор на Програмата, обврските и уплатените средства, ги превзема Агенцијата ИТЦ Кариера. По формирањето на Фондацијата, прибраните средства права и обврски, ИТЦ Кариера ќе ги пренесе на Фондацијата.